**Известување за концентрација со која Нетцетера Гропу АГ (Netcetera Group AG) Швајцарија стекнува самостојна контрола над Брејнгруп АГ (Braingroup AG) Швајцарија**

**(предмет бр. 08-159/2023)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 27.10.2023 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата прими известување за концентрација со која Нетцетера Гропу АГ (Netcetera Group AG) Швајцарија со седиште на Ципресенштрасе 71, 8004, Цирих Швајцарија стекнува самостојна контрола над Брејнгруп АГ (Braingroup AG) Швајцарија, со седиште на Хохлштрасе 486/488, 8048 Цирих Швајцарија.

Нетцетера Гроуп АГ е софтверска компанија основана во 1996 година со седиште во Цирих, Швајцарија. Преку самостојно контролирани зависдни друштва, Нетцетера им нуди на своите клиенти ИТ услуги и дигитални производи.

Во суштина, Нетцетера нуди прилагоден развој на ИТ. Ова вклучува развој и имплементација на индивидуализиран софтвер специфициран за потребите на своите клиенти (Биспоук Софтвер (*Bespoke Software*)). Клиентите се претежно од финансиската индустрија, но и од други сектори, како што се транспорт, медиуми и секторот здравство.

Нетцетера е под контрола на Гиесеке+Девриент ГмбХ, кое работи како холдинг друштво на Г+Д Групата. Г+Д Групата се специјализира во безбедносна технологија. Поточно, Г+Д развива прилагодена технологија во следниве четири клучни области: плаќање, поврзаност, идентитети и дигитална инфраструктура.

Нетцетера (и оттука Г+Д) има регистрирано присуство во Република Северна Македонија преку следниве две зависни друштва:

— Друштво за компјутерски услуги НЕТЦЕТЕРА ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, со регистрирано седиште на бул. Партизански одреди бр. 72А, Карпош, Скопје, активно со компјутерско програмирање; и
— Друштво за компјутерски услуги БЛОКВЕРС ДОО Скопје, со регистрирано седиште на Анкарска бр. 18-кат 1, Карпош, Скопје, активно со компјутерско програмирање.

Брејнгруп е етаблиран давател на финансиски советодавен софтвер и услуги за дигитална трансформација. Неговите основни надлежности вклучуваат иновативни и паметни советодавни решенија и холистички процеси на продажба за банки, осигурителни компании и здравствени осигурителни компании. Водечкиот производ на Брејнгруп е Омниум (*Omnium*). Со Омниум, Целното друштво дефинира нови стандарди во интуитивното дигитално целоопфатноканално советување од подготовка до онлајн затворање за самостојно, лице-в-лице и стручни совети.

Целното друштво нема регистрирано присуство во Северна Македонија и нема остварено приход во Северна Македонија во 2022 година.

Релевантниот пазар на стоки за предметната концентрација би можел да се дефинира како ***пазар за софтвер за финансиски советодавни услуги***.

Во однос на географскиот опсег на релевантниот пазар за концентрацијата, Подносителот смета дека релевантниот географски пазар би можел да се дефинира како ***територијата на Република Северна Македонија.***

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. Св. Кирил и Методиј 54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување*.

31.10.2023 година
Скопје